ПРЕДЛАГАЧИ: Димитар Апасиев – пратеник од Левица

Борислав Крмов – пратеник од Левица

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
# ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

април 2023 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено / E pranuar | 06. 04. 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 2182/1 | | |

**Д О:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА** СЕВЕРНА **МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71, став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување*, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Димитар Апасиев

Борислав Крмов

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во делот I од Законот за здравственото осигурување уредено е задолжителното здравствено осигурување, во која одредба под „осигурени лица“ односно осигуреници се опфатени следниве категории

- работник во работен однос кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје;
- извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, доколку не е осигурен по ниеден друг основ;
- лице кое има краткотрајно вработување согласно со Законот за агенциите за привремени вработувања;
- државјанин на Република Северна Македонија кој е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва, во лична служба на странски дипломатски и конзуларни претставништва или е во лична служба на странци, доколку со меѓународен договор поинаку не е определено;
- самовработено лице;
- индивидуален земјоделец;
- физичко лице регистрирано како вршител на самостојна дејност за трговија и други категории таксативно наброени восамиот закон.

Заради усогласување со *Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување* и унифицирање на поимите, регулација на обврските за плаќање на придонеси, уредување на стапките и основиците на придонесите на едно место, односно заради поедноставување и обезбедување на транспарентност во добивање на сите неопходни информации за кои потреба имаат различни субјекти се донесе *Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2009).

Со оваа рогација се воспостави основ за примена на Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување и интегрирана наплата на придонесите и персоналниот данок од доход.

Правото на паричен надоместок за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради

бременост, раѓање и мајчинство, согласно закон, е задолжителното здравствено осигурување.

Надоместокот на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство се пресметува во висина од 100% од основицата на надоместокот на плата.

Правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство по својот социјален карактер е обврска на државата и заради тоа што бременоста, раѓањето и мајчинството не преставува болест, туку планирање на семејство кое согласно Уставот е обврсака за државата и е на товар на Републичкиот буџет заради што правото на здравствената заштита треба да биде дел од задолжителниот здравствен систем.

Но, сите овие права иако законски регулирани, со постојните одредби се ограничувачки во однос на категориите на осигуреници кои ги користат.

Ваквото привилигирање во остварување на правото за користење на платено родителско отсуство и боледување доведува до исклучување на определена категорија на осигуреници.

Имено жените регистрирани како индивидуални земјоделки се исклучени како категорија од Законот за здравствено осигурување во делот на надоместоци поради болест, повреда на работно место и отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство.

Индивидуалните земјоделци плаќаат 20% придонеси, немаат плата, туку остваруваат приход од земјоделска дејност на годишно ниво, кој е нередовен и условен од временските услови и слични фактори на ризик.

*Законот за работни односи* го уредува правото на породилно отсуство, но носители на ова право се оисклучиво категориите уредени со Законот за здравственото осигурување.

Согласно постојните законски решенија и самовработените лица имаат право на платено породилно отсуство, иако истите не се препознаени во Законот за работните односи, ниту имаат обврска да примаат месечна плата (на пример, адвокати, нотари, уметници, трговци-поединци итн).

Земјоделците согласно закон се работници, односно самовработени лица, но како таква категорија не оперираат во внатрешниот правен поредок, туку законодавецот ги внесува во категоријата „индивидуален земјоделец" на која и доделува помалку права во споредба со другите работници и самовработени лица. Фактот што оваа категорија врши исплата на помал износ за придонеси не може да се гледа како причина за нивно исклучување од правата од здравствено осигурување, туку сосема спротивно – ова треба да е афирмативна мерка која имала за цел да вклучи маргинализирана категорија во системот на социјално и здравствено осигурурвање и како економска мерка, која има за цел да го поттикне развојот на земјоделството како една од најважните примарни стопански дејности.

Оттука, земјоделките се статусно дискриминирани во однос на останатите работнички и самовработени кои го стекнуваат правото на платено породилно отсуство и боледување согласно закон! Оваа нееднаква социјална политика има

сериозни последици врз нивното репродуктивно, психолошко и физичко здравје, како и врз здравјето на новороденчињата и децата од руралните области. Согласно истражувањата, повеќето жени ангажирани во земјоделство не се во можност да си дозволат да го намалат обемот на работа пред и по породувањето, па како последица на тоа, продолжуваат со работни активности и во доцната бременост или почнуваат со работа прерано по породувањето. Оваа состојба резултира со значителни здравствени ризици (предвремено породување, несакан абортус, зголемен ризик за патолошки бременост, прерано прекинување со доењето, неможност за пружање на соодветна грижа на новороденчињата) – што, пак, доведува до бројни здравствени проблеми кај децата. На оваа слика, доколку се земе предвид отежнатиот пристап до здравствени и социјални услуги и длабоко вкоренетите патријахални норми, се комплетира сликата за маргинализација на руралните жени чии можности и права се многу повеќе ограничени во споредба со населението во градските урбани средини.

Заштитата на мајките е фундаментално право на жените кое е предвидено со Уставот, со клучните универзални договори за правата на човекот и меѓународните конвенции. Заштитата на мајчинството треба да е проследена со правото на паричен надоместок за време на породилно отсуство кој ќе обезбеди жената да може да се одржува себеси и своето дете во соодветни здравствени услови и со соодветен стандард на живеење.

Предложеното законско решение доаѓа на барање на голем број граѓански организации од самата нивна листа кои, меѓу другото, бараат системско решавање на овој проблем преку препознавање на земјоделците во системот на здравствено осигурување, и потенцираат дека решавањето на настанатата состојба од Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство преку преку програма со која ќе се доделуваат средства за породилно отсуство е крајно нецелисходно и во пракса нема да доведе до фактичко уживање на правото на платено породилно отсуство.

Како дел од аргументите против ваквото решение ги наведуваат:

1. Програмата ќе треба да се донесува секоја година. И покрај законската обврска сепак постои можност да одлучи да не се донесе истата, или да ја донесе со закаснување или во програмата да не предвиди доволно средства за сите земјоделки кои таа година ќе се породат. Програмата дозволува преголема улога на волјата на министерот, што го прави политички зависно, наместо да биде системски гарантирано и остварувано;

2. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство континуирано касни со исплатите на субвенции преку програми и мерки, а низ годините се бележи и rekordno доцнење од три години! На ист начин, преку програма, би се исплаќале и парите за породилно отсуство, па многу е веројатно да се доцни со месеци, дури и со години. На овој начин, целосно ќе се изгуби поентата на платеното породилно отсуство. Земјоделките е потребно да можат да престанат со работа веднаш откако ќе се породат (и пред тоа), што значи дека точно во тој период се неопходни средства за издржување на новороденчето и семејството. Доколку се доцни, земјоделките ќе мора да продолжат со работа за да

си ја обезбедат својата егзистенција, бидејќи нема да можат да се потпрат на средствата од платеното породилно кои нема да знаат кога ќе се исплатат. На овој начин, ова право нема да се ужива на законски предвидениот начин.

3. Платеното породилно отсуство е социјално, женско и работничко право, па оттука Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не е надлежно, ниту има административен капацитет и експертиза за уредување и остварување на социјалните права на граѓаните. Согласно надлежностите на институциите Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство се стварно надлежни да го овозможат правото на породилно отсуство.

Доколку се доделува преку програма на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има поголема можност за провизорно одлучување во иднина за тоа кој ќе добие, а кој не и се остава и простор некоја жена да биде одбиена од политички побуди или од јавно изразување на своето мислење. Низ годините ситуации во кои земјоделците биле одбиени од субвенции на политичка основа или поради јавно искажано незадоволство, биле реалност, па оттука оправдано се сомневаме дека истото ќе се случува и со породилното отсуство. .

4. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство треба да креира мерки за помош и дополнителна поддршка на земјоделките, но не треба да создава програма во која треба да реализира законско право - право на платено породилно отсуство, кое е предмет на законска материја од материјални закони.

Заради горенаведените причини потребно е брзо донесување на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Преку законското овозможување на користењето на правото на надоместок за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, како држава, ќе се овозможи еднаквост, транспратентно и инклузивно делување во криерањето на државната политика и решенијата во врска со уредување на ова право за земјдоелките со почитување на одредбите од Уставот.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување се потребни финансиски средства и истиот ќе има финасиски последици врз републичкиот Буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за сложен и обемен закон, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагаме Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 77/21, 285/21 и 60/23), во член 13, во ставот 1, во воведната реченица зборовите :„ член 5 став 1 точки 1, 2 и 3 на овој закон“ се заменуваат со зборовите : „член 5 став1 точки 1, 2, 3 и 4 од овој закон“.

Член 2

Во членот 14 во ставот 1 зборовите: „член 5 став 1 точки 1, 2 и 3 на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „член 5 став1 точки 1, 2, 3 и 4 од овој закон“.

Член 3

Основица за пресметка на породилното отсуство за осигурениците од членот 5 став 1 точка 4 од овој закон е минималната плата која министерот за труд и социјална политика, ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон и висината на надоместокот кое Фондот го исплаќа на осигурениците за правото од породилно отсуство не може да биде помал од минималната плата.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Предлог законот за изменување на Законот за здравственото осигурување содржи 4 члена.

Со членот 1 се уредува законска можност за право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда да можат да го остварат осигурениците индивидуални земјоделци во случаите предвидени во одредбата на членот 13, став 1 од законот.

Со членот 2 се предвидува правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство да можат да остварат осигурениците индивидуални земјоделци.

Со овој Предлог на закон основица за пресметка на породилното отсуство за осигурениците од членот 5, став 1, точка 4 од овој закон е минималната плата која министерот за труд и социјална политика, ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон и висината на надоместокот кое Фондот го исплаќа на осигурениците за правото од породилно отсуство не може да биде помал од минималната плата е уреден во членот 3 од законот.

Со членот 4 се уредува влегувањето во сила на законот.

### II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и прават единствена правна целина.

### III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение ќе се заштитити мајчинството како фундаментално право на жените кое е предвидено со Уставот и со меѓународните акти за правата на човекот, односно меѓународните конвенции и ќе се овозможи правото на паричен надоместок за време на породилно отсуство на земјоделките преку кој на ова категорија законски ќе ѝ се обезбеди оддржување на самата себеси и своето дете во соодветни здравствени услови и со соодветен стандард на живеење.

**ИЗВОД**

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ**

ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ КОИ СЕ МЕНУВААТ

**1. Надоместок на плата**
**Право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда**

**Член 13**

Право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда можат да остварат осигурениците од член 5 став 1 точки 1, 2, и 3 на овој закон, во случај на:

1) болест и повреда надвор од работа;
2) повреда на работа и професионална болест;
3) лекување и медицинско испитување;
4) негување на болно дете до тригодишна возраст;
5) негување на болен член на потесно семејство над тригодишна возраст, но најмногу до 30 дена;
6) неопходно придружување на болно лице упатено на преглед или лекување надвор од местото на живеење;
7) непходно придружување на болно дете до тригодишна возраст додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена;
8) доброволно давање на крв, ткиво или орган и
9) изолираност заради спречување на зараза.

Надоместокот на плата во случаите од став 1 на овој член припаѓа од првиот ден на спреченост за работа и трае цело време додека трае спреченост за работа, а се исплатува за деновите за кои се остварува плата според прописите за
работни односи.

**Право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство**

**Член 14**

Право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство можат да остварат осигурениците од член 5 став 1 точки 1, 2 и 3 на овој закон.

Надоместокот од ставот 1 на овој член се исплатува за временскиот период утврден со прописите од областа на работните односи.

Средствата за остварување на правото од став 1 на овој член се обезбедуваат
од Буџетот на Република Северна Македонија преку надлежен орган.